Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-84/4
01-03-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–84/1 од 16.01.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-84/1 од 16.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Струмица **поради ненадлежност.**

### Образложение

Подносителката во претставката бр. 08-84/1 доставена до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.01.2024 година, наведува дека од страна на [redacted] со седиште на [redacted] Скопје (зграда на главна дирекција ГТЦ) и е ускратено правото за потпишување на Годишна сметка во Централен Регистар. Таа наведува дека како овластен сметководител евидентиран во Регистарот на овластени сметководител во [redacted] во претходните години потпишувала Годишни сметки во неповрзано друштво каде работи на дополнително работно време согласно член 121 од Законот за работните односи. Во однос на тоа, истакнува дека со новиот Закон за вршење на сметководствени работи се променети условите, односно потребно е да е вработена на 40 часа полно работно време, за што смета дека е дискриминирачки. Следствено, таа наведува дека [redacted] врз основа на новиот закон и донесен свој правилник пуштил допис -забрана до Централниот регистар со кој се забранува на овластените сметководители со дополнително работно време да потпишуваат Годишни сметки. Оттука, таа смета дека овластените сметководители не се во иста положба како другите професии кои работат дополнително, за што со колегите од оваа професија повеле иницијатива до Уставен суд.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на прашање во врска со примена на законски одредби од Закон за вршење на сметководствени работи, односно законитост на акт и постапување на правно лице, во конкретниот случај горенаведениот институт.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање

првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа. Индиректна дискриминација, согласно ставот 2 од истиот член, постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Оттука, содржината на претставката не опишува настан кој индицира дискриминација во смисла на нејзиното определување согласно членот 8 ставови 1 и 2, а во врска со членот 5 од горенаведениот Закон, по кој би постапувала Комисијата согласно своите законски надлежности, туку истата содржина опишува и имплицира на толкување и примена на законски одредби, усогласеност на правен акт со истите или незаконито постапување на одреден правен субјект. На тоа додава фактот што во претставката не е јасно наведен дискриминаторски основ, а дополнително е истакнато дека е веќе поведена соодветна постапка за наведениот настан и пред Уставниот суд на РСМ.

Во смисла на опишаното, Комисијата најде дека согласно член 48 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на РСМ“ бр. 173/2022), надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии. Додека согласно член 49 став 1 од истиот закон, надзор над работењето на [redacted] на Република Северна Македонија врши Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија. Следствено, ставот 2 од напред наведениот член, утврдува дека „Надзорот од ставот (1) на овој член опфаќа надзор на законското и правилното работење на Институтот во согласност со овој закон. Во случај на донесување, односно усвојување на акт на Институтот во спротивност со овој закон, претседателот на Советот покренува постапка за ништовност на истиот пред Собранието на Институтот.“.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
- [redacted]
*- Архива на Комисијата*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk